Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 17-та седница одржана на 09.06.2021 година, во врска со Предлогот бр.03-2240/1 од 04.06.2021 година за покренување прекршочна постапка против ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на Правилникот за заштита на малолетните лица, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.10-2173/1 од 02.06.2021 година на ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје и утврди прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

2. Советот заклучи против ТРД Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица наведениот радиодифузер, на 17 мај 2021 година, репризата на 169-та епизода од играниот серијал „Ангели“ беше несоодветно категоризирана и означена како – програма од втора категорија (8+), и беше емитувана во несоодветен програмски период.

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-2249/3**

**10.06.2021 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**